Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

**П Р И Л О Г**

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОЦЕНКА НА ВЛИЈАНИЕТО НА РЕГУЛАТИВАТА

| | |
|---|---|
| Назив на министерство: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА |
| Назив на предлогот на закон: | Предлог Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на лични податоци |
| Одговорно лице и контакт информации: | Маја Стефковска Панева, Раководител на Одделение (тел. бр: 071-860/179 и е-пошта: MajaStefkovskaPaneva@mjustice.gov.mk) |
| Вид на Извештај: | ☒Нацрт<br>☐Предлог |
| Обврската за подготовка на предлогот на закон произлегува од: | ☐ Годишна програма за работа на Владата на Република Северна Македонија<br>☐ НПАА<br>☐ Заклучок на Владата на Република Северна Македонија<br>☒Друго __________________________ |
| Поврзаност со Директивите на ЕУ: | НЕ |
| Дали нацрт извештајот содржи информации согласно прописите кои се однесуваат на класифицираните информации: | ☐Да<br>☒Не |
| Датум на објавување на нацрт Извештајот на ЕНЕР: | Февруари 2021 |
| Датум на доставување на нацрт Извештајот до Министерството за информатичко општество и администрација: | Февруари 2021 |
| Датум на добивање на мислењето од Министерството за информатичко општество и администрација: | |
| Рок за доставување на предлогот на закон до Генералниот секретаријат | |

Влада на Република Северна Македонија
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**

## 1. Опис на состојбите во областа и дефинирање на проблемот

### 1.1 Опис на состојбите

Заштитата на лични податоци е уставно загарантирана категорија која опфатена во членот 18 од Уставот на Република Северна Македонија каде се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците. Законот за заштита на лични податоци за прв пат е донесен во 1994 година и претрпе многу измени и дополнувања за во 2020 година да се донесе нов Закон за заштита на лични податоци („Службен весник на РСМ" бр.42/2020).

Со законот за заштита на личните податоци се уредува заштитата на личните податоци како основни слободи и права на граѓаните, а особено правата на приватност во врска со обработка на лични податоци, правата на субјектот на личните податоци во врска со обработката на личните податоци тајноста и заштитата на обработката на личните податоци, преносот на личните податоци во други држави, давањето на личните податоци на корисници, надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци, инспекцискиот надзор над спроведувањето на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон, како и прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

Во Законот за личините податоци воведени се нови решенија во однос на обработката на личните податоци од кои позначајни се во областата на заштитата на личните податоци и тоа:

-начелото на отчетност и одговорност и тоа како на ниво на контролор/обработувач така и на ниво на држава;

-дополнителни обврски за контролорите, односно обработувачите за воспоставување на институтите приватност при дизајнирање на информациски системи кои обработуваат лични податоци и проценка на влијанието на предвидените процеси на обработка во однос на заштитата на личните податоци;

- контролен механизам на органите за заштита на личните податоци за нивно консултирање во однос на предлози за било какви законски или подзаконски акти кои вклучуваат обработка на личните податоци;

- обврска за обезбедување дека органите за заштита на личните податоци ќе ги имаат сите неопходни ресурси за ефективно извршување на нивните функции и да ги извршуваат нивните овластувања, како и нагласување на нивното самостојно, независно и непристрасно функционирање. Со предлагањето на измената и дополнувањето на Законот за лични податоци со најголем дел од измените се врши номо-техничко корегирање на одредни законски решенија/термини кои се содржани во Законот.

Предложените измени претставуваат обезбедување на конзистентост во користењето на правната терминологија во Законот односно ќе се изврши јасно прецизирање од номотехнички

аспект на одредени законски одредби со цел истите да бидат јасни, недвосмислени и разбирливи и со тоа лесно и подеднакво применливи во сите ситуации и за сите.

### 1.2 Причини за проблемите кои се предмет на разгледување.

Не се вршат значителни измени кои би предзивикале поголеми промени во влијанието кое го има веќе донесениот Закон за заштита на личните податоци туку предложените измени претставуваат обезбедување на конзистентост во користењето на правната терминологија во Законот односно ќе се изврши јасно прецизирање од номотехнички аспект на одредени законски одредби со цел истите да бидат јасни, недвосмислени и разбирливи и со тоа лесно и подеднакво применливи во сите ситуации и за сите.

## 2. Цели на предлог регулативата

Со усвојување на предложениот Закон ќе се изврши усогласување на законската терминологија и решенија кои се користат во Законот за заштита на лични податоци и ќе се обезбеди појасна и попрецизна примена на одредбите на кои се врши измена и дополнување. Со предложената измена се врши и промена на зборовите „казнени осуди и казнени дела" со замена на зборовите во наведените членови од законот со „осуди за кривични дела".

Предлог на Законот за измена и дополнување на Законот за заштита на личните податоци се заснова врз следните начела за обработка на личните податоци:

- законитост, правичност и транспарентност,
- ограничување на целите,
- минимален обем на податоци,
- точност,
- ограничување на рокот на чување,
- интегритет и доверливост,
- отчетност

## 3. Можни решенија (опции)

### 3.1 Опис на решението „не прави ништо"

Доколку Владата не го прифати Предлогот на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на лични податоци ќе останат истите забелешки во овој дел ќе останат одредбите нејасни, двосмислени и неразбирливи и со тоа ќе се отежни нивната примена.

### 3.2 Опис на можните решенија (опции) за решавање на проблемот

Предложените измени и дополнувања на Законот, доколку Владата ги прифати и истите ги донесе, ќе се изврши јасно прецизирање од номотехнички аспект на одредени законски одредби со цел истите да бидат јасни, недвосмислени и разбирливи и со тоа лесно и подеднакво применливи во сите ситуации и за сите.

## 4. Проценка на влијанијата на регулативата

Можни позитивни и негативни влијанија од секоја од опциите:

Економски влијанија *Позитивно - посредно:* нема

4.1 Негативно:нема

4.2 Фискални влијанија *4.2*

Позитивно: Предложениот закон нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Северна Македонија

4.3 Социјални влијанија Нема

4.4 Влијанија врз животната средина Нема

4.5 Административни влијанија и трошоци нема

а) трошоци за спроведување

б) трошоци за почитување на регулативата

## 5. Консултации

5.1 Засегнати страни и начин на вклучување:

Нацрт текстот на законот ќе биде објавен на ЕНЕР и по завршувањето на консултативниот процес ќе се пристапи кон негово усвојување од страна на Владата на Република Северна Македонија

5.2 Преглед на добиените и вградените мислења

Побарано е мислење од Секретаријатот за законодавство, Министерство за финансии, а добиено е и мислење од Агенцијата за заштита на личните податоци

5.3 Мислењата кои не биле земени предвид и зошто- нема

## 6. Заклучоци и препорачано решение

6.1 Споредбен преглед на позитивните и негативните влијанија на можните решенија (опции) нема

6.2 Ризици во спроведувањето и примената на секое од можните решенија (опции) Нема

6.3 Препорачано решение со образложение

Предог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на личните податоци е систематизиран во 5 членови.

Во членот 1 од законот се врши изменување со кое се обезбедува конзистентна, јасна и терминолошка примена на законските решенија кои што се однесуваат на обработката на личните поврзани со осуди за кривични дела.

Во членовите 2 и 4 од законот се во функција на номо-техничко коригирање на одредени решенија од законот и отстранување на правните недоследности во нивната примена, особено во делот на преодниот режим кои се однесуваат на престанувањето на одредени одредби од овој закон кога

Република Северна Македонија ќе стане членка на Европската Унија, а со цел обезбедување на легислативно доуредување на нормите кои егзистираат во правниот систем на Република Северна Македонија од областа на заштитата на личните податоци.

Со членот 3 се овозможува правна претпоставка за утврдување на дополнителни задачи и овластувања за Агенцијата за заштита на личните податоци со други закони кои ја уредуваат материјата за заштитата на личните податоци, а кои ќе бидат во функција за дополнително транспонирање на други акти од Европската Унија во правниот систем на Република Северна Македонија.

## 7. Спроведување на препорачаното решение

7.1 Потреба од менување на закони и подзаконска регулатива во областа или други сродни области *Нема*

7.2 Потребни подзаконски акти и рок за нивно донесување нема

7.3 Органи на државната управа, државни органи и други органи надлежни за спроведување: Агенција за заштита на лични податоци и останатите засегнати институции кои гарантираат заштита на лични податоци.

7.4 Активности за обезбедување на ефикасно спроведување на предлогот на закон

Законот треба да биде донесен и да стапи во сила .

## 8. Следење и евалуација

8.1 Начин на следење на спроведувањето

Согласно Методологијата за оценка на спроведувањето на регулативата, со анализа со квалитативни податоци, преку собирање податоци преку кои ќе се верификува процесот на спроведување и ќе се утврдат активностите кои се преземени за спроведување на регулативата и изворите на верификација дека активностите се случиле.

8.2 Евалуација на ефектите од предлогот на закон и рокови

Рок: 5 години од почетокот на примената на регулативата којашто се предлага со оваа Проценка на влијанието на регулативата .

**Изјава од министерот**

**Врз основа на резултатите од анализите прикажани во Извештајот за проценка на влијанието на регулативата сметам дека препорачаното решение (опција) претставува најдобар начин за решавање на проблемот и постигнување на очекуваните ефекти на најекономичен начин.**

**Датум:** 08. 03. 2021

..................................................
**потпис на министерот**